# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА ВО 2021

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ

ЕСЕ

# ЗА ЕСЕ

Здружението ЕСЕ е граѓанска организација која работи на подобрување на имплементацијата на социјалните и економски права на ранливите групи на граѓани, преку нивно зајакнување, мобилизирање и вклучување во планирањето, спроведувањето и оценувањето на јавните политики и услуги во Р. Македонија.

ЕСЕ се води од својата посветеност кон решенија на проблемите. По пат на промовирање и унапредување на човековите права ја подобруваме социјалната и економската правда, притоа сметајќи дека правата на човекот претставуваат неделив збир од стандарди што треба сите да ги уживаат. Посебно сме посветени на работата на полето на промовирање и унапредување на здравствените права и правата на жените. Затоа сме фокусирани на две цели – да излеземе во пресрет на итните потреби на граѓаните, посебно на ранливите групи, и да влијаеме при креирањето на одржливи, долгорочни промени. Правиме многу повеќе од документирање, пријавување и осуда на нанесените неправди. Обезбедуваме правна и параправна помош и на тој начин им овозможуваме на граѓаните да ги остварат своите права и да ги променат условите во кои живеат. Но, уште повеќе, се застапуваме за менување на законите и политиките што влијаат врз спроведувањето на здравствените права и правата на жените. Застапуваме на национално, но, и на меѓународно ниво. Подготвуваме и поднесуваме „извештаи во сенка“ и други видови документи за спроведување на меѓународните документи за правата на човекот пред одговорните меѓународни тела.

# СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| 1 | ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА | 4 |
| 2 | ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА | 11 |
| 3 | УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА | 17 |
| 4 | ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ | 22 |

# 1

# ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА

## ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБИТЕ ВО 2021 ГОДИНА

Во 2021 година се нотираат истите бариери и проблеми по однос на пристапот на жените до здравствените услуги за женско репродуктивно здравје, како и во претходните години, со тоа што се бележи дополнително влошување на состојбите. Во Македонија перзистира проблемот со недоволен број на матични гинеколози и нивната несоодветна територијална распореденост, па така, во 2021 година се бележи недостиг од 131 матични гинеколози, а 45 општини се уште се без матичен гинеколог. Опфатот на жени со Програмите за скрининг на рак на грлото на матката и рак на дојката е на незадоволително ниско ниво. Институтот за јавно здравје во 2021 година ги објави двата извештаи за спроведување на скрининг за рак на грло на матка и за рак на дојка за 2020 година. При тоа се бележи дека во 2020 година има драстичен пад на опфатот на жените со Програмата за скрининг на ракот на грлото на матката, бидејќи се опфатени само 5,6% од жените од целната возрасна група (од 46 до 61 година). Додека, со скринингот на рак на дојка во 2020 година опфатени се незначителни 0,3% од жените од целната возрасна група (од 50 до 69 години). Во 2021 година ЕСЕ ја објави публикацијата „Која е цената на тоа што немаме организиран скрининг на рак на грлото на матката?“ во која ги нотиравме последиците од многу нискиот опфат на жените со програмата за скрининг на ракот на грлото на матката. Имено, поради несоодветно спроведениот скрининг и откривањето на карциномот во доцни фази се бележи предвремена смртност кај жените при што секоја година се губат 593 години на живот кај жените. Жените се соочуваат со низа на проблеми по однос на нивното здравје, нивната работоспособност, како и нивната способност да се грижат за децата и семејството. Воедно, поради откривањето на ракот на грлото на матката во напредна фаза жените годишно се изложени на трошоци во износ од 11 милиони денари, додека државата троши најмалку 29 милиони денари годишно за третман на жените кај кои карциномот е откриен во напредна фаза. Сите овие негативни последици од ракот на грлото на матката можат да бидат значително намалени доколку во државата се спроведува соодветно организиран скрининг со опфат од над 75% од жените од целната возрасна група.

Во 2021 година беа објавени податоците по однос на доенечката смрност во Македонија за 2020 година, која изнесува 5,7 умрени доенчиња на 1000 живородени. Може да се констатира дека нема значителната промена во смртноста на доенчињата од 2019 година, кога стапката на смртност изнесуваше 5,6 на 1000 живородени. Меѓутоа земајќи ја во предвид честата промена на стапката на доенечка смртност низ годините, потребно е нејзино континуирано следење, вклучувајќи ги и сите фактори што можат да придонесат кон пораст на доенечката смртност.

Стратегијата за Ромите во РМ 2014 – 2020 и Националниот акциски план за унапредување на здравјето на Ромите 2015 – 2020 со кои се предвидени одредени активности за унапредување на здравјето на Ромите важеа заклучно со 2020 година. Во 2021 година Владата на РС Македонија ја подготвуваше Стратегијата за Ромите 2022 - 2030, при што во месец ноември 2021 година беше најавено дека Стратегијата е во пред финална фаза на подготовка. До крајот на годината оваа стратегија не беше усвоена. Не беше усвоен ниту Националниот акционен план за унапредување на здравјето на Ромите. Наодите од ромската заедница укажуваат дека Ромите продолжуваат да се соочуваат со бариери во пристапот до здравствената заштита. Ромите од Шуто Оризари продолжија да се соочуваат со проблеми во пристапот до матични лекари, како и до дежурната служба во Поликлиниката во Шуто Оризари. Имено, недостигот од матични лекар што се појави во

општината во 2020 година, продолжи и во најголемиот дел од 2021 година. Поради тоа околу 4.000 возрасни лица и 1.200 деца Роми останаа без матичен лекар во својата општина и тоа токму за време на пандемијата. Во последниот квартал од 2021 година, беше отворена нова амбуланта со матичен лекар во општината, што би требало да води кон унапредување на состојбите. По однос на работата на дежурната служба, Ромите од Шуто Оризари, сведочат дека многу често се случува да нема доктор ниту медицинска сестра во дежурната служба, па доколку имаат потреба граѓаните од Шуто Оризари се принудени да бараат здравствена заштита во другите општини. Во април 2021 година започна со работа амбулантата со матичен гинеколог во Шуто Оризари, но, за помалку од една година работење, матичниот гинеколог на крајот од 2021 година најави дека ќе замине од општината на почетокот на 2022 година. Тоа значи дека жените Ромки од 2022 година повторно ќе останат без матичен гинеколог во општината каде што живеат.

Во однос на пристапот до здравствени услуги за време на пандемијата со Ковид-19, покрај недостиг од матични лекари, во општината Шуто Оризари во најголемиот дел од 2021 година немаше пункт за тестирање за Ковид-19. Имено пунктот кој беше отворен во Поликлиниката во Шуто Оризари во декември 2020 година, работеше само во првата половина од 2021 година и без образложение беше затворен. Поради тоа, Ромите од Шуто Оризари за да направат тест за Ковид-19 мораа да патуваат до другите општини, со што се изложија на дополнително оптоварување и ризик по јавното здравје на населението, бидејќи најголем дел од нив мораат да користат јавен превоз за да се тестираат. По отпочнувањето на вакцинацијата против Ковид-19, во првичниот период таа не се вршеше во Поликлиниката во Шуто Оризари. По започнувањето на вакцинација во Поликлиниката во Шуто Оризари, континуирано е достапна само една вакцина против Ковид-19, за разлика од останатите поликлиники каде беа достапни најмалку две или повеќе вакцини. Со тоа се нарушува правото на избор на ромското население по однос на вакцинацијата против Ковид-19, додека истото право беше запазено во останатите поликлиники во Скопје.

По однос на одговорот и поддршката за време на пандемијата со Ковид-19, Ромите сведочат дека во најголем дел помош и поддршка добиле од граѓанските организации што работат во нивните заедници. Помош од страна на општината добиле половина од Ромите од општината Шуто Оризари, меѓутоа Ромите од други општини (Прилеп, Карпош и Ѓорче Петров), во многу мал процент добиле помош од страна на општината. По однос на мерките од страна на државата, половина од Ромите ја искористиле мерката платежна картичка за домашни производи, меѓутоа мал процент од Ромите искористиле некои од другите мерки на Владата кои беа обезбедени како помош за населението за време на пандемијата. Во колкав обем лицата од самата заедница им обезбедиле помош и поддршка на лицата заболени од Ковид-19 или во самоизолација, значително се разликува помеѓу различни општини, па така половина од Ромите во Шуто Оризари и над 40% од Ромите во Карпош не добиле никаква помош од страна на луѓето од својата заедница. Меѓутоа 88% од Ромите од Ѓорче Петров и 84% од Ромите од Прилеп добиле помош од луѓето од својата заедница во периодот додека биле заболени од Ковид-19 или биле во самоизолација.

Во ноември 2021 година, Владата до Собранието достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита. Со предлог законот се предлага граѓаните да имаат право да изберат лекар на примарно ниво (матичен лекар) во здравствен дом. Оваа одредба се однесува на општините и населените места каде што има недостиг од матични лекари. Дополнително на тоа, по однос на гинеколозите и педијатрите

се предлага јавните здравствени установи-болници да имаат право да даваат услуги на избран лекар гинеколог и/или педијатар донесена врз основа на утврдена потреба. Со овие измени се воведува можноста граѓаните да добијат услуги од матичен лекар, гинеколог и педијатар од страна на лекари вработени во јавните здравствени установи, односно здравствени домови и болници. До крајот на 2021 година, овој предлог закон не беше усвоен од страна на Собранието. За успешно спроведување на предложените измени државата треба да спроведе соодветно планирање и кадровско екипирање на здравствените домови и болниците. Исто така, потребно е континуирано следење на законските измени по усвојување.

## НАЈЗНАЧАЈНИ ПОСТИГНУВАЊА ПО СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

### 1.1. ЗАЈАКНУВАЊЕ И ПРОМОЦИЈА НА ВКЛУЧУВАЊЕТО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНКА НА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ПРЕКУ СОЦИЈАЛНА ОТЧЕТНОСТ И ПРАВНО ЗАЈАКНУВАЊЕ

- Подготвени се планови за континуирано јакнење на капацитетите на персоналот на КХАМ и Романо Чачипе, од страна на ЕСЕ во однос на работата на полето на интегрираниот пристап (социјална отчетност и правно зајакнување) врз основа на претходно направена проценка на потребите на персоналот на двете организации.

- Зајакнати се капацитетите на 22 претставници од шест ромски граѓански организации (ИРИЗ, Романо Чачипе, КХАМ, ЛИЛ, Станица ПЕТ и НРЦ) за работа на полето на унапредување на менталното здравје на Ромите, преку спроведена обука од страна на експерти од Универзитетот во Севилја, Шпанија, како и преку подготовка на предлог акциони планови за унапредување на менталното здравје на Ромите преку немедицински пристап.

- Зајакнати се капацитетите на персоналот на три ромски граѓански организации (ИРИЗ, КХАМ и Романо Чачипе) за работа на методологиите на социјална отчетност, преку спроведена обука од страна на персоналот на ЕСЕ на оваа тема.

- Унапреден е процесот на мапирање на ромските заедници на трите партнерски ромски организации (ИРИЗ, КХАМ и Романо Чачипе), со цел зголемено и сеопфатно вклучување на граѓаните во процесите на донесување на одлуки, преку подготвени дополненија во критериумите за мапирање на ромската заедница.

- Воспоставена е регионалната мрежа на COPASAH[1] за Европа и подготвен е стратешки план за работа на истата од страна на ЕСЕ. Во мрежата учествуваат 16 граѓански организации од Македонија, Србија, Бугарија, Романија, Унгарија и Албанија. Мрежата ќе служи како платформа за јакнење на капацитетите на граѓанските организации за примена на методологиите на социјална отчетност и зајакнување на нивната работа за остварување на здравствените права на маргинализираните заедници.

- Подготвена е проценка на потребите на ромските заедници по однос на унапредување на процесот на закрепнување и навремена реакција во кризни состојби, преку спроведено истражување во 2.527 домаќинства во ромските заедници во општините Шуто Оризари, Прилеп, Ѓорче Петров и Карпош.

- Документирани се клучните проблеми со кои се соочуваат ромските заедници по однос на нивната можност за закрепнување и навремена реакција при кризни состојби, преку подготовка на 58 PhotoVoice материјали (фотографии проследени со текст пораки).

[1] Како дел од глобалната мрежа на COPASAH – Community of practitioners on accountability and social action in health

- Формирани се три Совети на заедниците што работеа на подготовка на планови за зајакнување на закрепнувањето и навремена реакција на ромската заедница во кризни состојби преку партиципативно и проактивно дејствување во општините Шуто Оризари, Прилеп, Ѓорче Петров и Карпош.

- Подготвени се четири локални планови за зајакнување на закрепнувањето и навремена реакција на ромската заедница во кризни состојби преку партиципативно и проактивно дејствување, за општините Шуто Оризари, Прилеп, Ѓорче Петров и Карпош.

## 1.2. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ И ГО-и ВО КРЕИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И МОНИТОРИНГ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ

- Продолжена е соработката со ХОПС во насока на обезбедување на поддршка во спроведување на постапка за прибирање на информации од јавен карактер за прибирање на податоци за износот на прибрани и распределени средства од акцизите за пиво, етил алкохол и цигари наменети за унапредување на здравјето на граѓаните; и прибрани и искористени средства од наплата на царина и давачки при увоз, преработка и продажба на канабис и негови преработки.

- Во соработка со АВРСМ, МТСП и четирите локални партнерски организации работевме на унапредување на транспарентноста и партиципативноста на секторот труд, и унапредување на квалитетот и пристапноста на услугите за вработување до граѓаните, со фокус на ранливите групи.

## 1.3. ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО И ПРИСТАПОТ КОН ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА ЖЕНИ, МАЈКИ И ДЕЦА

- Истражени се последиците од недоследното спроведување на скринингот за рак на грлото на матката врз смртноста, квалитетот на животот на жените, како и врз трошоците на кои се изложени жените и државата. Наодите и препораките за унапредување на скринингот се содржани во публикацијата „Која е цената на тоа што немаме организиран скрининг на рак на грлото на матката?“

- Подготвени и испратени барања со препораки за унапредување на спроведување на програмата за скрининг на рак на грлото на матката до Министерот за здравство.

- Јавноста е запознаена со наодите и барањата на ЕСЕ по однос на спроведувањето на скринингот за рак на грло на матка, преку испратено соопштение за јавноста до медиумите по повод Светскиот ден за борба против карцином.

- Подготвени и испратени се барања за унапредување на опфатот со здравствена заштита за женско репродуктивно здравје и здравје мајките и децата во рамки на ***Акцискиот документ -*** *EU for Improved health and social protection and gender equality*, преку учеството на ЕСЕ во работата на ИПА III Секторската работна група здравство.

- Спроведено е застапување на меѓународно ниво за унапредување на пристапот до здравствената заштита за мајките и децата во Македонија, со посебен акцент на

ромските заедници, преку активно учество на 88-та пред сесија на Комитетот за правата на детето, како и информирањето на македонската јавност за овој настан.

- Јавноста е запознаена со бариерите со кои се соочуваат жените, мајките и децата во пристапот до превентивната здравствена заштита, со посебен акцент на ромските заедници, преку остварена соработка и објавен напис во Радио Слободна Европа, како и преку подготовка и споделување на пораки преку социјалните медиуми на ЕСЕ.

## 1.4. ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО И ПРИСТАПОТ КОН ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА РОМИ

- Утврдени се бариерите и проблемите со кои се соочуваат жените Ромки во пристапот до здравствената заштита за репродуктивното здравје, како и бариерите и проблемите со кои се соочуваат мајките и децата од ромските заедници во пристапот до превентивната здравствена заштита, и подготвена е публикацијата „Какви се состојбите во однос на репродуктивното здравје и здравјето на мајките и децата од ромските заедници“

- Обезбедена е експертска поддршка на ромските организации ИРИЗ и Романо Чачипе во подготовката на писмени барања за застапување со цел унапредување на пристапот на Ромите од Шуто Оризари до примарна здравствена заштита во нивната општина.

- Спроведено е застапување за унапредување на опфатот на ромското население со вакцинација против Ковид-19 во раните фази на вакцинацијата, преку подготвено и испратено писмено барање до Претседателот на Владата, Министерот за здравство и Претседателот на Комисијата за здравство при Собранието, по однос на давање на приоритет на ромското население што живее во несоодветни услови за домување во планот за вакцинација против Ковид-19, како и за унапредување на целокупниот план за вакцинација. Барањето беше подготвено во соработка и со поддршка од осум граѓански организации.

## 1.5. ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ НА ЖЕНИТЕ ДО ПАЗАРОТ НА ТРУД

- Врз основа на наодите, а во соработка со две граѓански организации (Женски Форум од Тетово и Граѓанска иницијатива на жените од Св. Николе), развивме и промовиравме едно информативно видео во кое се опишува пристапот до мерките и услугите за вработување на граѓаните на национално и локално ниво.

- Прибрани се јавно достапни податоци и иницирани се 209 постапки за прибирање на информации кои не се јавно достапни, а кои се однесуваат на спроведувањето на оперативниот план за активни мерки, програми и услуги за вработување за 2019 година од АВРМ, Централниот регистар, и Агенцијата за поддршка на развојот на претприемништвото. Спроведена е анализа на податоците и подготвен е извештај со клучни наоди и заклучоци, по што препораките беа доставени до надлежните институции и промовирани во дневникот на ТВ Телма, како и објавени на повеќе електронски медиуми.

# 2

# ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА

## ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБИТЕ ВО 2021 ГОДИНА

Во 2021 година продолжија да егзистираат неповолните политички, економски и социјални околности, кои во континуитет оневозможуваат подобрување на состојбите со владеење на правото и пристапот до правда за ранливите групи на граѓани. Владата и надлежните министерства не усвоија национален акциски план за спроведување на одрживата развојна цел за пристап до правда 16.3 , ниту пак алоцираа соодветни буџетски, човечки и технички ресурси за суштинско подобрување на пристапот до правда и решавање на правните проблеми на граѓаните.

Позитивен чекор беше направен со формирањето на новата Комисија за спречување и заштита од дискриминација на почеток од 2021 година, како и усвоената стратегија за работа на ова тело, која беше подготвена во партиципативен процес со учество на дел од граѓанските организации кои работат на полето на еднаквост и недискриминација. Сепак изборот на Народниот правобранител го потврди негативното влијание на политичките партии, како и недостатокот на транспарентност и непристрасност при бирањето на независните регулаторни тела за заштита на човековите слободи и права.

Истовремено, Владата и надлежните министерства продолжија со негативниот тренд на усвојување на закони и политики, без притоа да создадат основни услови за нивно спроведување во пракса и фактичко уживање на законски гарантираните права од страна на граѓаните. Ова беше потврдено со усвојувањето на новиот Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство[2], за чие спроведување не беа обезбедени потребните буџетски средства. Како резултат на ваквата состојба се поочигледни се сериозните системски недостатоци, како што се: отсуството на превентивни активности за подигање на свесноста на јавноста во однос на природата на насилство врз жените и законските механизми за заштита; недостатокот на почетна и континуирана обука за практичарите од ЦСР, полиција, судовите, здравствените установи и други за работа со жени кои претрпеле семејно насилство; несоодветното постапување и заштита на правата на жените; неефективна истрага и изрекување на поблаги, воглавном условни осуди за сторителите на семејно насилство. Дополнително, жените што претрпеле семејно насилство се соочуваат со неможност да обезбедат парични средства што се потребни за водење на постапките за заштита од семејно насилство и решавање на поврзаните правни проблеми, како што се разводот на брак, издршката, старателството и др. Наспроти намалувањето на судските такси во 2020 година, жените не се во можност да ги надоместат другите трошоци во постапките, како што се собирањето на докази и адвокатско застапување, што резултира во неповедување или откажување од веќе започнатите постапки пред судовите, односно нерешавање на правните проблеми со кои се соочуваат. Притоа, жените што претрпеле семејно насилство не се доволно информирани за законските

[2] Службен весник на РСМ бр.24 од 29.01.2021 година.

можности за ослободување од плаќање на судските трошоци од страна на основните судови или користење на бесплатна правна помош преку Министерството за правда - *Анализа за влијанието на судските такси и трошоци и информираноста за ослободување од плаќање судски трошоци како пречка или можност до судска заштита за жени што претрпеле семејно насилство.* Граѓанските организации преку адвокатите, правниците и параправниците продолжуваат да го пополнуваат овој вакуум во обезбедувањето на бесплатна правна помош за решавање на правните проблеми на ранливите групи на граѓани, како што се жените што претрпеле насилство, Ромите, текстилните работнички, лицата кои употребуваат дроги, сексуалните работници и ЛГБТи заедницата. За илустрација, Здружение ЕСЕ во 2021 година обезбеди бесплатна правни совети за 184 лица, воглавном жени што претрпеле семејно насилство, односно правни совети и подготовка на писмени поднесоци кои се потребни за решавање на најзастапените правни проблеми на жените, како што се: граѓанските и кривичните постапки за заштита од семејно насилство, разводот на бракот, издршка за децата, старателството, имотните односи и др.

## НАЈЗНАЧАЈНИ ПОСТИГНУВАЊА ПО СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

### 2.1. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА АЛТЕРНАТИВНИТЕ НАЧИНИ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕФЕКТИВНА ПРАВНА ЗАШТИТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПРАВНИТЕ ПРОБЛЕМИ НА ГРАЃАНИТЕ

- Подготвени се е-модули за обуки од различни области на правото што се релевантни за секојдневното обезбедување на параправна помош и поддршка на ранливите групи на граѓани.

- Обезбедена е техничка поддршка и правна помош на параправниците што работат на остварување на правата на Ромите од областа на здравствената заштита, социјалната заштита, работните односи и други области од секојдневното живеење.

### 2.2. СОБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ЗАСНОВАНИ НА ПОТРЕБИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ДОКАЗИ ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО ПРАВДА

- Подготвен е извештај за имплементацијата на Цел 16.3 за одржлив развој, врз основа на претходно утврдената рамка на индикатори за следење на состојбите со владеење на правото и еднаков пристап до правда;

- Собрани и анализирани се податоци за ослободување на жените што претрпеле семејно насилство и кои воделе или ќе водат граѓански судски постапки ( 44 жени) од судски трошоци и подготвена е анализа **за правото на ослободување од судските трошоци**;

- Собрани и анализирани се податоци за остварувањето на правото на издршка на децата на жени кои воделе постапка за определување на издршка на малолетните деца (17 жени) и подготвена е **анализата на правото на издршка**.

- Собрани се и анализирани податоци за постапувањето на полиција во случаите на семејно насилство врз основа на изјавите на 12 жени што имале претходно искуство со полиција при пријавувањето на семејното насилство и подготвена е анализа со препораки и насоки за подобрување на постапувањето на полиција.

### 2.3. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРИСТАП ДО ПРАВНА ЗАШТИТА ЗА ЖЕНИТЕ ШТО ПРЕТРПЕЛЕ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

- Обезбедивме бесплатна правна помош, односно правни совети и писмени поднесоци за 184 лица што се обратиле во Центарот за правна помош, од кои најголемиот дел се жени што претрпеле семејно насилство и одржани се 402 индивидуални средби со адвокат.

- На 45 жени им е обезбедено и психолошко советување и спроведени се 56 советувања со психологот.

- Подготвени се 186 писмени поднесоци, како што се тужби, жалби, барања, ургенции и друго, кои беа потребни за поведување или во текот на покренатата постапка пред судовите и другите надлежни институции како ЦСР, полиција, Министерство за правда и др.

- Надоградена е интернет платформата за обезбедување на правни совети за жените кои претрпеле семејно насилство **ПОБАРАЈ СОВЕТ** www.pobarajsovet.mk, со можност за доставување на писмени поднесоци потребни за разрешување на вообичаените правни проблеми поврзани со семејното насилство, нејзината достапност на Ромски и Албански јазик и збогатување со информации и видеа за граѓанските и кривичните постапки за заштита од семејно насилство.

- На девет жени што претрпеле семејно насилство, од кои 4 одбрани во 2021, им обезбедивме бесплатно судско застапување во постапките пред судовите за разрешување на проблемите поврзани со семејното насилство: граѓанска и кривични судски постапки за заштита од семејно насилство, бракоразводни постапки, старателство и издршка за децата.

- Подготвивме сумарна четиригодишна анализа за трошоците и придобивките од обезбедувањето на бесплатната правна помош за жените кои претрпеле семејно насилство (2017-2020), како и последователно собирање и обработка на податоците за клиентите на ЦПП за 2021 година.

- Подготвена е анализа за постапувањето на полиција во случаите на семејно насилство, преку експертски интервјуа и вклучување на 48 полициски службеници од 8-те Сектори за внатрешни работи, вклучувајќи и препораките за подобрување на постапувањето на полицијата, односно спроведувањето на истрага и спроведувањето на итната мерка за заштита во случаите на семејно насилство.

- Спроведовме сеопфатна кампања за подигање на свесноста во јавноста, особено жените, за природата на семејното насилство и законските механизми за заштита во чии рамки беа подготвени 77 објави и пораки на социјалните мрежи, четири документарни видеа, три видео - сведоштва на жени што претрпеле семејно насилство, соопштенија за медиумите, учество во национални ТВ емисии итн.

- Подготвено е кратко документарно видео „Семејното насилство е сурова реалност за многу жени и деца“, со цел актуелизирање на проблемот со насилството и потребата за помош и поддршка за жените кои претрпеле

семејно насилство, и документарно видео со жена што претрпела семејно насилство.

- Подготвивме две видеа за практичарите за граѓанско-правниот систем на заштита, вклучително и изјави од граѓански судија и адвокат, со цел нагласување на најважните аспекти во постапката за изрекување на привремените мерки за заштита и кривично- правниот систем на заштита, вклучително и изјави од кривичен судија и претставник на МВР, со цел нагласување на најважните аспекти во кривичната пред полиција, ОЈО и суд.

- Подготвивме е-програма за обука на практичари во предметите за семејно насилство, со цел јакнење на нивните знаења и вештини за примена на меѓународната и националната правна рамка при нивното постапување во предмети за насилство врз жени и семејно насилство.

- „Инвестиравме" во јакнењето на капацитетите на идните практичари, преку формирање на група од 17 млади правници и организирање на две обуки за јакнење на нивните знаења и вештини за мониторирање, анализирање и решавање на правните проблеми на жените кои претрпеле семејно насилство.

- Воспоставивме соработка со Универзитетот Единбург од Шкотска со цел подготовка на првиот нацрт извештај во сенка за примената на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство на национално ниво.

### 2.4. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО ПРАВДА И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО ПРЕКУ ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ФОРМАЛНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВКЛУЧЕНИ ВО ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА ПРАВДА ЗА ГРАЃАНИТЕ

- Учествувавме во процесот на подготовка на стратегија и програма за работа на Комисија за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД), како и во почетните обуки за градењето на капацитетите на членовите на Комисијата.



# 3

# УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА

## ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБИТЕ ВО 2021 ГОДИНА

Оваа година за ЕСЕ претставуваше уште една година посветена работа на унапредувањето на фискалната транспарентност на институциите од областите на социјалните и економските права. Во 2021 година ЕСЕ работеше на: зголемување на јавната свесност за значењето на фискалната транспарентност и потребата од буџетирање засновано на приоритети; оценување на степенот на фискална транспарентност и отчетност на јавните институции; и застапување за унапредувањето на нивото на фискалната транспарентност. Сите активности кои ги спроведовме во текот на 2021 година претставуваа надополнување и унапредување на активностите преземени во претходните години.

Во март 2021 година, Владата на РСМ амбициозно го најави својот прв акциски план за борба против корупција кој е дел од пошироката владина агенда „Акција 21“. Сепак, некои од клучните заложби од овој план се само делумно исполнети. Во 2021 година, РСМ е оценета со 39 од можни 100 поени, според индексот за перцепција на корупцијата за што секојдневно преку медиумите сме сведоци на нови корупциски скандали. Важно е тоа што и меѓународната заедница воочува одредени поместувања во оваа област, но, препорачува по посветено работење и ангажман на Владата на справување со корупцијата. Така на пример, потпретседателката на ЕК Вера Јурова смета дека треба значително да се работи на исполнување на основните критериуми за борба против корупција, и конкретизирање на постапките поведени од Државната комисија за спречување на корупција.

Особено е важно да се истакне дека успешните приказни што беа препознаени во блиското минатото не продолжија да се развиваат со истиот замав и со тоа станаа само дел минатото. Односно, чекорите кои Владата на РСМ ги презема во 2020 година (за што зборувавме во извештајот од минатата година) што требаше да придонесат кон унапредување на транспарентноста во работењето на јавните институции како што се порталот за финансиска транспарентност поврзана со трошењата, донациите и набавките направени со цел справување со пандемијата предизвикана од Ковид-19, и платформата за отворени финансии со вклучување на јавниот долг и трошењата на локалните самоуправи, во 2021 година оваа престанаа да се одржуваат и истите не обезбедуваат веродостојни податоци. Дополнително граѓанскиот буџет како алатка, исто така, изгуби дел од своите функции.

Наодите од истражувањата спроведени од ЕСЕ покажуваат стагнирање во нивото на проактивна транспарентност во однос на 2020 година. Односно, во 2021 година, 18 од 25 институции што ги следиме се проактивно нетранспарентни или пак објавиле помалку од 40 % од основните буџетски и програмски документи. Делумно транспарентни се вкупно 6 од 25институции, а пак проактивно транспарентна е само една институција - Министерството за финансии.

Од аспект на реактивната транспарентност, во 2021 година се забележува унапредување на постапувањето на институциите во постапките за слободен пристап до информации од јавен карактер. Односно, во 2020 година 46% од следените институциите беа оценети како реактивно транспарентни, а во 2021 година овој процент е зголемен за 11 процентни поени (57%). Значајно е тоа што во 2021 година значително се намалува бројот на јавни институции што не обезбедуваат податоци во постапките за пристап до

информации од јавен карактер од 39% во 20202 година на 11% во 2021 година. Како и да е, во 2021 година се зголемува бројот на јавни институции што делумно го следат Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, пред се заради непочитување на рокот за одговор по доставено барање, од 14% во 2020 година на 31% во 2021 година.

Наодите на ЕСЕ покажуваат дека нивото на транспарентност во објавувањето на информации за спроведените постапки за јавни набавки значително се намалува низ годините. Најголемо намалување се забележува во обемот на информации за спроведените постапки за јавни набавки што ги објавуваат Министерството за здравство, Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство, Општите и клиничките болници, центрите за јавно здравје и Институтот за јавно здравје. Дополнително, од година во година се намалува конкурентноста и достапноста на постапките за јавни набавки за различни компании, се зголемува концентрацијата на мал број на компании со кои се склучуваат договори за јавни набавки и на кои се префрлаат буџетски средства. Оваа практика особено е погодна за продлабочување на корупцијата на овие постапки. Дополнително, иницијална можност за изигрување на постапките и олеснување на пристапот на одредени компании е и критериумот на најниска цена.

Како и во изминатите единаесет години, иницијативата за Отворено владино партнерство претставува една од најуспешните иницијативи за соработка помеѓу граѓанскиот и владиниот сектор на национално ниво. Во 2021 година оваа иницијатива се издигна на повисоко ниво со уредување на постапката на консултации и спроведување на иницијативата, односно со воспоставување на критериуми за развивање и селекција на заложби. Се одржаа повеќе од 30 средби за развивање на заложби за унапредување на пристапот до јавни услуги, добро владеење, пристап до правда, пристап до информации, итн. како резултат на соработката помеѓу МИОА, ФООМ, ЕСЕ и ЦГК воспоставена во 2020 година. Во 2021 година Владата го усвои новиот акциски план за 2021 – 2023 година.

## НАЈЗНАЧАЈНИ ПОСТИГНУВАЊА ПО СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

### 3.1. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСНОСТ ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ПОТРЕБАТА ОД БУЏЕТИРАЊЕ ЗАСНОВАНО НА ПРИОРИТЕТИ

- Во насока на зголемување на јавната свесност за значењето на фискалната транспарентност и потребата од буџетирање засновано на приоритети, подготвивме повеќе од 424 информации, кои преку социјалните медиуми и интернет страниците на ЕСЕ беа прегледани во 4452.363 наврати.

- Одбележан е Светскиот ден за пристап до информации, 28 септември, преку учество на дебата организирана од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, заедно со уште пет други говорници претставници на национални институции и меѓународни организации.

### 3.2. ОЦЕНУВАЊЕ НА СТЕПЕНОТ НА ФИСКАЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ НА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

- Оценето е нивото на реактивна и проактивна транспарентност на 95 јавни институции, низ континуиран мониторинг на интернет станиците на 25 јавни институции и оценување на 1.690 постапки за пристап до информации од јавен карактер.

- Подготвени и доставени се 95 предлози за унапредување на нивото на проактивна и реактивна транспарентност до 95 јавни институции. Овие предлози беа особено земени во предвид при преработката на интернет страниците на локалните институции.

- Прибрани се податоци за спроведувањето на 3.130 постапки за јавни набавки, спроведени од 62 јавни здравствени институции во 2020 и 2021 година.

- Подготвени и доставени се 63 предлози за унапредување на економичноста, ефикасноста и транспарентноста во спроведувањето на постапките за јавни набавки до 63 јавни институции.

### 3.3. ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕТО НА НИВОТО НА ФИСКАЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

- Координирани се 15 средби за развивање на заложби за "унапредување на пристапот до јавни услуги" со повеќе од 62 лица.

- Учествувавме во развивање на: индикатори за следење на напредокот на акцискиот план за ОВП; јавен повик за пријавување на учество во процесот на ко-креирање на Акциски план за Отворено владино партнерство 2021-2023 година со образец за пријавување; насоки за работа на работните групи и поставување на приоритетни област на кои ќе работат овие работни групи; Деловник со кој се уредува начинот на работа на Советот за координација и следење на националниот акциски план за Партнерство за отворена власт 2021-2023; Деловник за работа на Мрежата на ГО за

ПОВ; Упатството за начинот на формирање и работа на Советот за координација и следење на Партнерството за отворена Власт и учество на средба за негово презентирање на 30 ноември, 2021 година; Повик за изразување на интерес за членување на претставници од заинтересирани граѓански организации во Советот за координација и следење на Националниот акциски план за Партнерство за отворена власт 2021-2023 година.

- Организиравме и спроведовме: работилница за дискутирање на иницијативи за граѓанско учество предвидени во новиот петти по ред акциски план за ОВП; и Е-работилница „Управување темелено на интересите и потребите на граѓаните"

- Обезбедивме придонес во организирање на министерска средба за ОВП во рамки на редовната седница на Владата на РСМ одржана на 13 април, 2021 година.

- Го промовиравме повикот за приклучување на локални самоуправи во ОВП Локал и помогнавме во приклучување на општина Св. Николе во рамки на оваа иницијатива.

- Учествувавме на повеќе од 10 средби за споделување на искуства и вмрежување организирани од Секретаријатот на ОВП и нивните партнери.

- Со АВРСМ и МТСП вклучивме 988 граѓани од четири општини Тетово, Шуто Оризари, Прилеп и Куманово за оценување на пристапот и квалитетот на услугите за вработување, и развивме платформа за објавување на тековната реализација на активните мерки за вработување.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
# ЗА 2021

| Приходи | износ во МКД |
|---|---|
| **Пренесен дел на вишокот на приходите од претходна година** | **12,320,205** |
| **Приходи од камати и курсни разлики** | **2,756** |
| **Приходи од донации, членарини, подароци и останато** | **15,080,291** |
| – ФООМ (Фондација Отворено Општество) | 4,449,685 |
| – Ист Вест институт за менаџмент | 363,776 |
| – NAMATI | 76,425 |
| – Отворена Порта | 124,107 |
| – Population Action International | 2,558,970 |
| – Kvina Till Kvinna | 1,800,882 |
| – Влада на РСМ | 600,000 |
| – Светска Здравствена Организација | 4,465,668 |
| – Останати приходи | 640,778 |
| **Вкупно** | **27,403,252** |

| Расходи | износ во МКД |
|---|---|
| Расходи за материјални трошоци, услуги и амортизација | 3,487,130 |
| Расходи за капитални и други средства | 579,200 |
| Расходи за помош, донации и други средства | 2,257,340 |
| Расходи за плати и надомест за плати | 7,902,339 |
| Расходи за спроведување на програмски активности | 6,434,360 |
| **Вкупно** | **20,660,369** |

**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ**

**www.esem.org.mk**